## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**3264.**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 43/26), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ПО ПОТЕКЛО ОД ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА БРАЗИЛ**

Член 1

(1) Со ова решение заради заштита на јавното здравје се забранува увозот во Република Северна Македонија на следните пратки кои потекнуваат од Федеративна Република Бразил:

1) производи од животинско потекло за исхрана на луѓе кои се добиени од следните

животни:

- говеда,
- коњи,
- живина,
- аквакултура,

2) мед и

3) животински црева.

(2) Забраната од став (1) на овој член се применува на пратки кои се натоварени и сертифицирани по 3 септември 2026 година.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за забрана на увоз на производи од животинско потекло по потекло од Федеративна Република Бразил („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 187/26).

Член 3

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 02-3070/1 | Агенција за храна и ветеринарство |
| 3 септември 2026 година | Директор, |
| Скопје | д-р **Оливер Миланов,** с.р. |

## КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3265.**

Комората на извршители на Република Северна Македонија, согласно со член 74 став 2 од Законот за извршување („Службен весник на РМ“ бр.72/16, 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23) го објавува следното

**И З В Е С Т У В А Њ Е**

Се известуваат граѓаните кои биле странки во предметите кои се водеа во канцеларијата на извршител Зоран Димов од Скопје дека предметите ги презема извршител Александар Павлевски од Скопје, именуван со Решение на Министерство за правда Уп1 бр.09-972/2026 од 5.5.2026 година. Извршителот Александар Павлевски започна со работа на ден 4.8.2026 година на адреса ул. „11-ти Октомври“ бр.23 /2-4, Скопје.

| | |
|---|---|
| Бр. 03-234/34 | Комора извршители на Република Северна Македонија |
| 31 август 2026 година | Претседател, |
| Скопје | **Весна Деловска,** с.р. |

## ОДБОР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИ

**3266.**

Врз основа на членовите 1, 4-в, 4-г, 12 и 17 од Законот за државните награди („Службен весник на Република Македонија“ број 52/2006, 54/2007, 74/12 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19 и 160/25), Одборот за доделување на државната награда „8 Септември“ на седницата одржана на 31 август 2026 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА „8 СЕПТЕМВРИ“ ЗА 2026 ГОДИНА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО ЗА ИСКЛУЧИТЕЛЕН ПРИДОНЕС ВО РАЗВОЈОТ НА СПОРТОТ, АФИРМАЦИЈАТА И ПРОМОЦИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА МЕЃУНАРОДЕН ПЛАН И ПРИЗНАНИЕ НА СПОРТИСТИ, ТРЕНЕРИ И СПОРТСКИ РАБОТНИЦИ ЗА ОСТВАРУВАЊА ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ**

I. Наградата за животно дело за исключителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план, се доделува на

- Трајчо Димков.

II. Наградата со којашто се оддава признание на спортисти, тренери и спортски работници за остварувања во областа на спортот, се доделува на:

- Димче Ангелов,
- Ацо Крстов,
- Дејан Ангеловски и
- Ангел Мицевски.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 08 - 5391/2 | Одбор за доделување на Државната награда „8 Септември“ |
| 2 септември 2016 година | Претседател, |
| Скопје | проф. д-р **Лука Поповски,** с.р. |